1/4

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

**Сектор за извршување, нотаријат и медијација**

ДО:
Институт за европска политика
ул.„Антоние Грубишиќ" бр. 2/2
СКОПЈЕ

Бр.08-2613/2
Скопје, 24-10-2024 година

ПРЕДМЕТ: Известување

Почитувани,

До Министерството за правда, доставена е Предлог-иницијатива од Институтот за европска политика-Скопје, заведен под број 08-2613/ 1 од 10.10.2024 година, преку Владата на Република Северна Македонија, а која се однесува на Дијалогот меѓу Владата и граѓанскиот сектор на тема Владеење на право, добро владеење и борба против корупцијата, а која предлог-иницијатива е со наслов „Алтернативниот начин на решавање спорови".

Во однос на доставената предлог-иницијатива, Министерството за правда Ве известува дека Национален совет за медијација согласно членот 3 од Законот за медијација („Службен весник на Република Македонија" бр.294/21), претставува посебно тело при Владата на Република Северна Македонија. Разрешувањето на в.д. координаторот на Националниот совет за медијација на 5 јули 2024 година, го доведува во прашање понатамошното работење на Националниот совет за медијација односно да ги извршува законските надлежности кои се уредени со Законот за медијација. Поради наведеното, неопходно е Владата на Република Северна Македонија, да именува нов Национален координатор за медијација.

Во однос на преклопувањето на надлежностите, Министерството за правда Ве известува дека нема преклопување на надлежностите на Комората на медијатори и Националниот совет за медијација. Имено, во Законот за медијација децидно се наведени надлежностите на Комората на медијатори од член 38 до член 50 од Законот за медијација, а надлежностите на Националниот совет за медијација се уредени со член 66 од Законот за медијација.

Во делот на забелешките дека Комората на медијатори не располага со доволни и самостојни финансиски средства за унапредување на работата на


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Сектор за извршување, нотаријат и медијација

медијаторите и промовирање на медијацијата, Ве известуваме дека според член 34 став (1) од Законот за медијација Владата на Република Северна Македонија донесува Програма за развој на медијацијата, во која се определуваат мерки за поддршка и развој на медијацијата и финансиски средства за реализација на програмата во која ги опфаќа областите на подобрување на стручните вештини на медијаторите, едукација, информирање, промоција, европско право, соработка со стопанство, поддршка наистражувања, деловна етика, меѓународни стандарди за решавање спорови со медијација и друго, а според ставот (5) од наведениот член посебна годишна програма за поддршка на медијацијата донесува и Судскиот совет на Република Северна Македонија, заради воспоставување на потесни врски и одржување на постојана институционална соработка за медијацијата со Комората на медијатори.

Воедно, Ве известуваме дека согласно член 35 од Законот за медијација, а заради развој на медијацијата во Република Северна Македонија, државата врши субвенционирање на дел од трошоците на медијацијата.

Со почит,

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА
Игор Филков

Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut * МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА-MINISTRIA E DREJTËSISË * Скопје-Shkup

**Подготвил: Лидија Којчева-раководител на одделение**
**Проверил: Владимир Јанковски-помошник раководител на сектор**


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification